| | **Вкупно** | 25942 | 4722 | 30656 | 43.29 | 576 | 109 | 20 | 705 |
| | **Вкупно I-IV год 17/18** | 22811 | 5138 | 27849 | 39,89 | 533 | 133 | 32 | 698 |
| | **Вкупно I – IV год 16/17** | 27688 | 6034 | 33722 | 49.22 | 465 | 151 | 71 | 687 |
| | **Вкупно I – IV год 15/16** | 20854 | 6289 | 27418 | 39,84 | 458 | 187 | 48 | 693 |

## 3.7 ДРЖАВНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ ВО УЧЕБНАТА 2018/19 ГОДИНА

### 3.7.1 ДРЖАВНА МАТУРА

| Наставен предмет | Број на пријавени ученици | Број на ученици што полагале | Број на ученици што положиле | Број на ученици што не положиле | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 63 | 63 | 63 | / | 3,7 |
| Англиски јазик | 54 | 50 | 49 | 5- префрлени на завршен испит | 3,2 |
| Математика | 21 | 21 | 21 | / | 3,23 |
| Бизнис | 35 | 35 | 35 | / | 3,1 |
| Историја | 18 | 18 | 18 | / | 4,8 |

### 3.7.2 ЗАВРШЕН ИСПИТ

| Наставен предмет | Број на пријавени ученици за завршен испит | Бр.на ученици што полагале завршен испит | Број на ученици кои положиле завршен испит | Број на ученици кои не положиле завржен испит | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 74 | 74 | 74 | / | 2,3 |
| Компјутерско управување | 15 | 15 | 15 | / | 2,7 |
| Програмирање на КУМА | 2 | 2 | 2 | | 3,2 |
| Хидропневматска техника | 3 | 3 | 3 | / | 2,3 |
| Технологија на моторни возила | 7 | 7 | 7 | / | 2,7 |
| Електроника | 3 | 3 | 3 | / | 3 |
| Технологија на обработка | 9 | 9 | 9 | / | 2,7 |
| Комбиниран транспорт | 28 | 28 | 28 | / | 4,6 |
| Дигитални системи | 24 | 24 | 24 | / | 3,8 |
| Програмирање | 8 | 8 | 8 | / | 4,8 |
| Автоматика | 4 | 4 | 4 | / | 3,5 |
| Електрични апарати и уреди | 9 | 9 | 9 | / | 3,5 |
| Дигитална електроника и микропроцесори | 6 | 6 | 6 | / | 4,7 |
| Хотелско работење | 10 | 10 | 10 | / | 3,6 |
| Агенциско работење | 9 | 9 | 9 | / | 3,4 |

# 4. РЕАЛИЗАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

## 4.1 СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Реализацијата на наставните планови и програми се потпира врз Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Развојниот план на училиштето за периодот од 2016-2020 година бр. 01-550 од 31.08.2016 година, Годишната Програма за работа за учебната 2018/19 година бр.01-673/1 од 31.08.2018 година, Календарот за организација на работата во јавните средни училишта, август 2018 година. Од извршената анализа на податоците за реализација на часовите по сите наставни предмети, се констатира дека наставните планови и програми се реализирани во согласност со Календарот за работа донесен од МОН. На почетокот на учебната година извршен е увид на годишните и тематските планирања на наставниците. Следена е реализацијата на наставните планови и програми преку посета на наставните часови. Вршена е анализа и изготвени се извештаи по посетените часови, како и евалуација на дневните подготовки на наставниците согласно изготвените инструменти.

## 4.2 УВИД ВО ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

Редовно се прегледувани дневниците на паралелките и главните книги. По извршените увиди од страна на комисијата и директорот, констатираната состојба се евидентира во однапред изготвени формулари. Од страна на стручните соработници е следена и другата педагошка евиденција и документација (годишни, тематски и дневни планирања, планирање и реализација на дополнителна, додатна настава, родителските средби, планирање и изготвување на тестови.)

## 4.3 ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИ НАСТАВНИ МЕТОДИ И ФОРМИ НА РАБОТА

Посетени се отворени и нагледни наставни часови, водени се стручни разговори и консултации со наставниците за наставните содржини од посетените часови, односно за користените методи, форми, стратегии и техники на учење и поучување. Посебно внимание се обрна на користењето Е-содржини во наставата, на методите на формативно оценување, рефлексијата на крајот на часот, користените инструменти за оценување на постигањата на учениците. Во наставата покрај усното проверување користени се писмени работи и тестови кои беа планирани на почетокот на учебната година. При оценувањето наставниците ги користеа стандардите за формативно и сумативно оценување.

## 5. РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

Стручни активи - извршен е увид во програмите на стручните активи, посетени се состаноци на кои се даваа предлози, забелешки и насоки за унапредување на воспитно-образовниот процес, предлози за активности по повод Патрониот празник на училиштето и маркетинг активности на училиштето и предлози за воведување на нови образовни профили за наредната учебна година, распределба на часови по наставници, предлози за активности во тековната година, соработка со компании и други институции. На состаноците на стручните активи се разгледаа и новите наставни планови и програми за модуларна настава и за истите се дадоа забелешки. Стручните активи остварија средби и со други стручни училишта членови на Здружението на наставници и раководни кадри на електро, машински и сообраќајни училишни центри. Во организација на Здружението се реализираа општински, регионални и државни натпревари и секој актив се вклучи со свои ментори-наставници и ученици-натпреварувачи и се постигнаа солидни резултати.

Совети на паралелките на состаноците го разгледуваа успехот, редовноста и поведението на учениците, изрекуваа педагошки мерки, соработуваа со Советот на родители и предлагаа мерки за надминување на проблемите со редовноста и дисциплината на учениците.

Наставничкиот совет на училиштето одржа 16 состаноци на кои беа разгледувани успехот, редовноста и дисциплината на учениците, а беа изрекувани педагошки мерки и пофалби за учениците како и предлог мерки за надминување на одредени проблеми поврзани со подобрување на успехот, редовноста и дисциплината на учениците. На состаноците беа разгледани: Годишниот извештај за работа, Годишната програма, Правилници, молби, разни информации, актуелните ситуации и други тековни работи.

Раководителите на паралелките го следеа успехот, редовноста и дисциплината на учениците, соработуваа со Директорот, стручната служба и родителите, беа одржани индивидуални средби и најмалку 4 родителски средби. На родителските средби родителите беа запознати со условите за работа, Наставниот план и програма, распоредот за реализација на редовната настава, успехот, редовноста и дисциплината на часовите и други тековни прашања како на пример: задолжувањето со бесплатни учебници, физичкото обезбедување, екскурзии, актуелните случувања во училиштето.

Родителите преку Советот на родители, а и на самите родителски средби, беа вклучени во сите активности од целокупната воспитно-образовна работа на училиштето.

## 6. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### 6.1 СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ НА УЧИЛИШТЕТО

Во текот на учебната 2018/2019 година училиштето имаше успешна соработка со социјалните партнери со кои потпиша договор за соработка. Учениците реализираа практична настава во истите, а дел од компаниите како Маркарт и Брако се вклучија во маркетинг активностите на училиштето. Договор за соработка училиштето склучи со следните компании:

Машинска струка: Метална индустрија „БРАКО" - Велес, ЈКП „Дервен" - Велес, Здружение „АМС" - Велес, „Мото Топ" увоз извоз ДООЕЛ-Велес, „Пан промет", ТА „Мартин" - Велес, „Лидо" ДООЕЛ-Велес, „Камач" ДООЕЛ –Велес, „MARQUARDT-Македонија".

Електротехничка струка: „ЕВН Македонија" - КЕЦ Велес

Сообраќајна струка: Македонски железници, автотранспортни претпријатија и шпедиции.

Угостителско-туристичка струка: „Романтик" хотели ДООЕЛ-Велес, ДООЕЛ „Пиано" lounge bar - Свети Николе, „Интернационал" маркет ДООЕЛ - Велес, Ресторан „Ексклузив" - Кавадарци, „Урбан Стил" БС-Велес, ТП „Кај Димче" - Велес, ТП „Баже Пити" - Велес, Дут „Санотел" ДООЕЛ, ТП „Меаната на Даце", „Мечкуевска куќа-Пуже" ДООЕЛ Свети Николе, „Арка" ДООЕЛ-Скопје, „Воз" експорт импорт-Велес, „Робива Вел" ДООЕЛ увоз извоз-Велес.

### 6.2 СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во текот на наставниот процес училиштето соработуваше со институции од локалната самоуправа и невладини организации, Центарот за јавно здравје Велес, Центар за социјални работи, СВР Велес, Локална библиотека, Клуб на писатели Коста Солев Рацин и учество на Детски рацинови средби, Ученички дом Лазар Лазаредвски, Црвен крст Велес (учество на трибини, предавања и две крводарителски акции), Општина Велес (реализирани две еколошки акции во училиштето, учество на против пожарен квиз натпревар, одбележување на празници и манифестации), соработка со Националната агенција за европски програми и мобилности Еразмус +, соработка со високообразовни институции, соработка со основни и средни училишта, Друштво на физичари и математичари, Германска стопанска комора , Федерација на училишен спорт , Локален совет за превенција од детско престапништво, организација ЦИВИЛ (вклученост на ученици во активности на проектот „Заедниците против насилниот екстремизам" и др.)
Своите активности училиштето ги промовираше преку локалните медиуми и својата WEB страна.

## 7. УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ ВО УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

**Обука за наставници и стручни соработници - Проект „ЕРАЗМУС +"**

Во рамките на програмата Еразмус плус, во Талин,Естонија,одржана беше обука  за дигитални училници за нови алтернативни училишта, креирање аудио и видео записи, во периодот од 08 до 12.12.2018 год. На обуката учествуваа, Директорот Боро Ристовски, педагогот Пандорче Јорданова и наставниците Гордана Мулева и Марјан Панов.

**Практична работа за ученици од угостителската струка  во Барселона – Шпанија - Проект „ЕРАЗМУС +"**

Во организација на Националната агенција за европски програми и мобилност, во  рамките на проектот Еразмус плус, во периодот од 11.01.2019 до 01.02.2019 година, реализирана е практична обука на учениците од угостителската струка во хотелот Кампаниле во Барселона, Шпанија. Учесници беа 19 ученици од угостителската струка  и наставниците Горан Богоевски и Маја Живанова.

**Практична обука за ученици во Велење Р.Словенија - Проект „ЕРАЗМУС +"**

Во организација на Националната агенција за европски програми и мобилност, во  рамките на проектот Еразмус плус, реализирана е практичната обука на учениците од електро-техничка струка, со програма за техничка едукација во Г.Велење во Р.Словенија. Одговорни наставници беа Елена Јосифоска и Ѓорѓи Ѓорѓиев. Обуката се реализираше во февруари 2019 година и во неа учествуваа 20 (дваесет) ученици.

**Практична обука за наставници во Истанбул Турција - Проект „ЕРАЗМУС +"**

Спроведена е обука на наставниците во  Истанбул, Р.Турција, наменета за реализација на современа настава во училницата. Обуката е спроведена со наставниците : Мира Ташкова, Биљана Ивева, Илија Танев и Никола Јакимовски. Обуката е реализирана во периодот од 09.02.2019 до 16.02.2019 година

**Меѓународна размена на ученици реализирана помеѓу училиште од Р. Полска и ССОУ „Коле Неделковски" - Велес**

Во рамките на традиционалната меѓународна соработка помеѓу двете збратимени училишта ССОУ „Коле Неделковски" Велес и Средното стручно училиште „Станислав Сташица" од Новогард Р. Полска, релизирана е двострана размена на ученици и наставници помеѓу двете училишта и тоа во периодот од 17 мај до 26 мај 2019 г. за двете групи на ученици и наставници од двете земји.

Програмата содржеше едукативен, спортски, воспитен и културен дел. Истата е реализирана со поддршка на збратимените училишта, збратимените Општини Новогард и Велес, како и поддршка на регионот Голењов од Р.Полска, збратимен со Вардарскиот плански регион.

Програмата за престој и размена на учениците беше синхронизирана и реализирана со блиски или идентични содржини, истовремено во Р.С.Македонија и Р.Полска

Во рамките на програмата и нејзината реализација во Р.С.Македонија, одговорни беа: Пандорче Јорданова и Снежана Софијанова, како и бројни наставници и ученици од нашето училиште.

Во рамките на програмата и нејзината реализација во Р.Полска, одговорни беа Директорот Боро Ристовски и наставниците Елена Јосифоска и Ѓорѓи Ѓоргиев.

Во 8-мата размена на ученици беа вклучени 13 полски ученици и 15 македонски ученици со по двајца одговорни наставници.

**Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието**

Во текот на учебната 2018/2019 година се реализираа предвидените активности од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Во активностите беа вклучени ученици од мешан етнички состав, полова и социјална структура со цел да се надминат родовите, етничките и социјалните предрасуди и стереотипи. Во училиштето беа реализирани самостојни и заеднички активности со партнер училиштето ОСТУ „Наце Буѓони" од Куманово. Носител на активностите беше координаторот наставник Мира Ташкова и тимот за МИО, но исто така се вклучија и голем број на наставници, ученици и родители.

## 8. УЧЕСТВО ВО НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА 2018/19 ГОДИНА

Во текот на учебната 2018/19 година учениците од нашето училиште учествуваа на голем број натпревари, кои беа организирани на општинско, регионално и државно ниво и постигнаа солидни резултати.

| Реден број | Тип на натпревар | Професор/ментор | Име и презиме на ученикот | Освоена награда |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Општински натпревар по математика | Магдалена Иванова | Димовски Бојан<br>Манева Ребека<br>Новачева Ангела | Прво место<br>Пофалница<br>Трето место |
| 2 | Регионален натпревар по математика | Магдалена Иванова | Димовски Бојан<br>Манева Ребека<br>Новачева Ангела | Прво место<br>Прво место<br>Второ место |
| 3 | Државен натпревар по математика | Магдалена Иванова | Димовски Бојан<br>Новачева Ангела | Прво место<br>пофалница |
| 4 | Македонска математичка олимпијада | Магдалена Иванова | Димовски Бојан | Бронзен медал |
| 5 | Државен натпревар машинска струка | Валентин Елисковски<br>Орданче Амбарков<br>Зоран Пасламушков | Јованов Пешовски Јовица | Трета награда |
| 6 | Државен натпревар | Валентин Елисковски<br>Мимоза Пановска Тодорова<br>Ајтов Трајко | Стојанов Виктор | Трета награда |
| 7 | Државен натпревар | Никола Јакимовски | Александрова Вероника | Второ место |
| 8 | Регионален натпревар | Валентин Елисковски<br>Мимоза Пановска Тодорова<br>Трајко Ајтов | Стојанов Виктор | Второ место |
| 9 | Меѓународен натпревар Cook and Serve-Штип | Горан Богоевски<br>Влатко Панов | Маневски Бобан<br>Славков Горан<br>Мирчевска Даниела | Второ место |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Меѓународен натпревар Cook and Serve-Штип | Горан Богоевски<br>Влатко Панов | Крстев Горјан<br>Јорданов Диме<br>Ненад Апостоловски | Второ место |
| 11 | Меѓународен натпревар Cook and Serve-Штип | Горан Богоевски | Мирчевски Виктор | Трето место |
| 12 | Државен натпревар ЕКТА | Томислав Иванов | Вероника Александрова | Второ место |
| 13 | Државен натпревар ЕЕН | Томислав Иванов<br>Елена Миткова Јованова | Димче Трајков | Трето место |
| 14 | Општински натпревар по англиски јазик | Маја Живанова | Теодор Ангелески | Второ место |
| 15 | Регионален натпревар по англиски јазик | Маја Живанова | Теодор Ангелески | Прво место |
| 16 | Државен натпревар ЕЕТК | Гордана Мулева<br>Леонид Кодовски | Димов Ненад | Трета награда |
| 17 | Општински натпревар -физика | Силвана Петрова | Манева Ребека<br>Димовски Бојан<br>Најдовска Мартина | Прво место |
| 18 | Регионален натпревар-физика | Силвана Петрова | Димовски Бојан<br>Манева Ребека<br>Најдовска Мартина | Прва награда<br>Втора награда<br>Трата награда |
| 19 | Државен натпревар -физика | Силвана Петрова | Димовски Бојан<br>Манева Ребека<br>Најдовска Мартина | Трета награда<br>Пофалница<br>Пофалница |
| 20 | Државен натпревар -ЕКТА | Марјан Малинов | Тоше Панов | Пофалница |
| 21 | Државен натпревар „Народна Техника“ | Дечев Никола | Дечев Димитар | Трето место<br>бронзен медал |
| 22 | Државен натпревар ТТШ | Марјан Панов<br>Митхат Мемиќ<br>Катерина Стојадиновиќ | Драгана Манева | пофалница |
| 24 | Во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија, во спортската сала на нашето училиште, реализирани натпревари општинска лига одбојка (машки), со учество на средните училишта од градот | м-р Ангелче Гушев | машката одбојкарска екипа | Прво место |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25 | Во организација на Сојузот на училишен спорт Велес, во Спортската сала „Гемиџии“ одржани општински натпревари во ракомет (машки) | м-р Ангелче Гушев и | машката ракометна екипа | Второ место |
| 26 | Одржан прв турнир во одбојка (машки) за средни училишта од зона Велес-регион Исток | м-р Ангелче Гушев и машката одбојкарска екипа | машката ракометна екипа | Прво место |
| 27 | Во Валандово беше одржан вториот турнир во одбојка (машки) за средни училишта | м-р Ангелче Гушев и машка одбојкарска екипа | | Прво место |
| 28 | Во ССОУ „Коле Неделковски“ Велес, одржан првиот турнир на Регионална лига во одбојка за средни училишта | м-р Ангелче Гушев Одбојкарската екипа | машката ракометна екипа | Првото место. |
| 29 | Регионални натпревари-турнири во СОУ „Наум Наумовски Борче“ во Пробиштип, реализиран Регионален турнир во одбојка за средни училишта. | м-р Ангелче Гушев | одбојкарската екипа | Обезбеди пласман и учество на Државните спортски игри |
| 30 | Во Струмица во СОУ „Никола Карев“е одржан Првиот турнир на државна лига на одбојка - машки | м-р Ангелче Гушев. одбојкарската екипа | одбојкарската екипа | Трето место |
| 31 | Во Скопје во спортската сала ДУФК „ММ Брицо“е одржан Вториот турнир на државна лига на одбојка - машки | м-р Ангелче Гушев. | одбојкарската екипа | Трето место |
| 32 | Во Тетово во спортската сала на СМУ „Никола Штејн“ е одржан третиот завршен турнир на државна лига на одбојка - машки | м-р наставник Ангелче Гушев. | одбојкарската екипа | Четврто место |
| 34 | Интернационален натпревар по англиски јазик „Willkommen“ | Цветанка Ордевска | Мартин Голчев<br>Ристе Шкортов | Второ место<br>Трето место |
| 35 | Општински против пожарен квиз натпревар | Митхат Мемиќ | Викторија Крстева<br>И. Димов<br>Т. Темелков | Терето место |
| 36 | Општински натпревар во прва помош | Златко Здравковски | Наталија Далевска, Ана Марија Андовска, Бојан Здравковски, Анастазија Рогужарова и Марјан Ристов | Трето место |

## 9. НАЈДОБАР УЧЕНИК И НАЈДОБРА ПАРАЛЕЛКА ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

Најдобар ученик во прва година е Бојан Димовски од 1-6 паралелка

Најдобар ученик во втора година е Теодор Ангелески од 2-6 паралелка

Најдобар ученик во трета година е Вероника Александрова од 3-6 паралелка

Најдобар ученик во четврта година е Борис Тодоров од 4-5 паралелка

**Најдобар ученик на генерација за учебната 2018/2019 година е Бојан Димовски од 1-6 паралелка**

Најдобра паралелка од прва година е 1-6

Најдобра паралелка од втора година е 2-6

Најдобра паралелка од трета година е 3-6

Најдобра паралелка од четврта година е 4-5

**Најдобра паралелка на ниво на училиште е 1-6**

## 10. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

**За учебната 2018/19 година училиштето ги издвои следните приоритети:**

1. Имплементација на еко-стандардите во планирањата на наставниците
2. Професионален развој на наставниците
3. Набавување на инструменти, алат и прибор за реализирање на наставната програма

**ПОДРАЧЈЕ: Учење и настава**

| РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3: ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕКО-СТАНДАРДИТЕ ВО ПЛАНИРАЊАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активност** | **Одговорни лица** | **Критериум за успех** | **Време на реализација** |
| 1.Запознавање на наставниците со еко стандардите<br>2. Имплементација на еко стандардите во планирањата на наставниците | Еко одборот на училиштето ги запозна наставниците преку стручните активи со еко стандардите и истите се имплементираа во тематските планирања на наставниците.<br>Посета на часови | Еко одбор Претседатели на активи | Примена на еко стандарди и подигнување на свеста за примена на еко стандардите | Континуирано во текот на учебната година |

**ПОДРАЧЈЕ: Учење и настава**

| **Развојна цел 1:** Професионален развој на наставниците, педагошко-психолошката служба и директорот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Задачи | **Активност** | **Одговорни лица** | **Критериум за успех** | **Време на реализација** |
| Изготвување на план за професионален развој на наставниците, педагошко-психолошката служба и директорот и следење на работата во воспитно-образовниот процес | Реализирана работилница за начинот на изготвување на личен план за професионален развој и начинот како да се препознаат слабите страни кои треба да надоградуваат и јаките страни кои треба да се сочуваат.<br>Наставниците изготвија лични планови за професионален развој и истите се доставени во педагошко-психолошката служба<br>Следење на напредокот на наставниците преку посета на часови | Педагошко-психолошка служба, директор | Подобрени стручни компетенции, Подобрени резултати во наставата | Септември<br>Континуирано |

**ПОДРАЧЈЕ: Ресурси**

| Развојна цел 3: НАБАВУВАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТИ И АЛАТ И ПРИБОР ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Задачи** | **Активност** | **Одговорни лица** | **Критериум за успех** | **Време на реализација** |
| Набавување на инструменти, алат и прибор | Утврдени приоритети и количини во набавката.<br>Реализација на јавна набавка на алат, прибор и мерни инструменти.<br>Набавени алати, прибор и мерни инструменти од страна на училиштето:<br>Тесла клима уред 3,5 KW (1), сет соларен систем 120 л (1), пневматски цилиндар со двострано дејство (8), разводник (8), пригушница (8), еднонасочен вентил за контрола на проток (12), соленоиди за пневматски цилиндар (6), приклучоци за соленоиди (6), црево за пневматски воздух (20) струјна клешта за безжично поврзување (1), лемилица со регулација (5), дигитална лемилица со топол воздух (5), комплет алат за компјутерска мрежа и телекомуникација (2), електро-инсталатерски алат комплет (4), минидупчалка (3), фидсклопка (2), контролски склопки CN16 (8), биметално реле 6-10 А (3), старт-стоп тастер (24), клешта за крамповање туљци (3), туљци (200), компресор (1), капацитивни сензори 24V (6), индуктивен сензор 24V (2), фотосензори 24V (2), временско реле t-on и t-of (2+2), фотореле (2), аналоген мултиметар (4), дигитален мултиметар (18), LRC метар (4), дигитален мултиметар и тестер на амплитуда параметри (1), безконтактен детектор на напон (1), термометар (1),<br><br>10 комплети ARDUINA-стартер кит комплети<br><br>Реализација на набавка по пат на донација од компанијата Маркарт:<br>Хоризонтална брусилка тип 40212159 (1), мини брусилкаTREBIN U 61, брусилка (5), кружна пила (3), бормашина (1), пила (1), менгеме машинско (2), менгеме за работна маса (2), хилта (2), куфер сет рачен алат (1), ташна за алат (5), слушалки (2), наочари (1), ракавици (2), вентилатор (1), макета мотор (1), четки (8), шублер (8), челични четки за турпија (10), чекан (10), метро метална лента 30 цм (9), флат скалпер (5), винкла (8), сет шрафцигери (2), шестар (8), кирнери (12), обележувачи за метал (4), длето (3)метро лента (9), стеги за менгеме (12), дрвена рачка за турпија (55+55), рамна турпија фина (26), рамна турпија груба (23), триаголна турпија (10), триаголна турпија груба (10), кружна турпија фина (10), кружна турпија (9), квадратна турпија фина (11), квадратна турпија груба (10). | Директор<br>Претседатели на активи<br>Јавни набавки<br>Марјан Малинов<br>Гордана Мулева | Подобрени услови за работа и подобрување на квалитетот на наставата | Декември, Јуни |

## 10.1 ОПШТА ОЦЕНКА ЗА СЛЕДЕЊЕТО И ЕВАЛУАЦИЈАТА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД СТРАНА НА ДИРЕКТОРОТ

Директорот на училиштето ги реализира задачите и активностите планирани во Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на Директорот и други тековни работи кои произлегоа од соработката со МОН, БРО, ЦСОО и поширокaта општествена заедница. Во текот на работата Директорот заедно со педагогот и психологот посетија голем број на наставни часови со цел следење на имплементирањето на активните наставни методи и ИКТ технологијата и други вештини и способности со кои наставниците се стекнаа во процесот на перманентниот стручен развој и извршуваа педагошко-инструктивни разговори со наставниците. Директорот ја следеше и учествуваше во целокупната работа во училиштето: воспитно-образовниот процес, техничко – материјалните услови за работа, кадровската политика, финансиската состојба итн.

Педагошко-психолошката служба посебно работи со наставниците – почетници и постепено ги запознава со водењето на педагошката евиденција и документација.

Исто така педагошко-психолошката служба благовремено ги доставува информациите и документите кои стигнуваат до училиштето од МОН, БРО, ЦСОО до наставниците и дава насоки за постапување по истите. Посебен акцент се става во работата со учениците и родителите и повремено учество на родителски средби.

Соработката со сите институции е на солидно ниво. Покрај погоре наведените институции кои се директно вклучени во наставниот процес, училиштето како институција има општествена улога и одговорност и имаме континуирана соработка со Министерството за Правда, Министерството за одбрана, Комисијата за пристап до информациите од јавен карактер, Министерство за труд и социјала, Министерство за внатрешни работи, Министерството за здравство.

Во прилог на Извештајот се и програмските прилози:

Во подготовката на извештајот за работата на ССОУ „Коле Неделковски“ Велес во учебната 2018-2019 година беа вклучени:

1. Педагошко-психолошка служба
2. Класни раководители од I до IV година
3. Сашо Ѓоргов – техничка обработка
4. Одговорни по подрачја од Развојниот план
5. Претседатели на активи

Велес
Август 2019 година

в.д. Директор
Цветанка Ѓакова Панова